**До**
**Академија за обука на судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**
**(имател на информацијата)**
Бул. Јане Сандански бр. 12
1000, Скопје
**sanja.pandilov@jpacademy.gov.mk**
**info@jpacademy.gov.mk**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 1. 03. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtesë | Вредност: Vlera |
| 03 | 143/1 | | |

01.03.2023
03 064/23 1

# БАРАЊЕ

## за слободен пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на членовите 3 и 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/19), до имателот доставувам Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**1. Статистика по години за број на упишани кандидати во почетната обука на Академијата за судии и јавни обвинители за последните три упишани генерации, структурирани по:**

**- број на пријавени на огласот**
**- број на формално прифатени барања за упис**
**- број на кандидати кои го положиле тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија**
**- број на кандидати кои го положиле квалификацискиот тест**
**- број на канидати кои го полоиле психолошкиот тест**
**- број на кандидати кои го положиле тестот на интегритет**
**- број на кандидати кои го положиле писмениот дел од тестот**
**- број на кнадидати кои го положиле усниот дел од тестот**
**- број на конечно упишани слушатели на почетната обука**

- број на кандидати кои не се појавиле на некој од погоре **наведените фази од полагањето**

**2. Статистика по години за број на приговори од кандидатите по години за последните три упишани генерации слушатели**

2. Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Барател на информацијата:
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум на поднесок: 01.03.2023 година

подносителка
[redacted] мп

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси

Departamenti i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore
Sektori i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore

02.03.2023

**Архивски број:** 03-143/2

**До:** [redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во однос на Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер од 01.03.2023 година, наш број 03-143/1 од 01.03.2023 година, во однос на последните три јавни огласи во Академијата, Ве известувам дека:

- Во однос на јавниот оглас за прием на 30 слушатели во VI генерација слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители:

1. На јавниот оглас се пријавија вкупно **83 кандидати**, од кои **64 пријави беа уредни а 19 пријави беа неуредни** и отфрлени од страна на Комисијата за приемен испит.
2. Во текот на постапката за прием на шестата генерација не се полагаше тест за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во ЕУ, туку познавањето на јазикот се докажуваше со меѓународно признат сертификат.
3. Од вкупно 64 кандидати кои имаа право да го полагаат квалификацискиот тест, истиот го полагаа **64 кандидати**, а **62 кандидати успешно го положија тестот** и се стекнаа со право на полагање на психолошкиот тест.
4. Од вкупно 62 кандидати кои имаа право да го полагаат психолошкиот тест, истиот го полагаа **61 кандидат**, **1 кандидат не дојде на тестирањето**, **1 кандидат не го положи тестот**, односно тестот успешно го положија 60 кандидати.
5. Од 60 кандидати кои имаа право да го полагаат тестот за интегритет, истиот го полагаа 60 кандидати и сите **60 успешно го положија**.
6. Од вкупно 60 кандидати кои имаа право на полагање на писмениот дел од испитот, истиот го полагаа **60 кандидати**. Усниот дел го полагаа 59 **кандидати**, односно 1 кандидат се откажа од полагањето.
7. Испитот (кој се состои од писмен и устен) го положија **57 кандидати**.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси

Departamenti i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore
Sektori i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore

8. Огласот беше распишан за прием на 30 слушатели, но со Одлука на Управниот одбор на Академијата во почетна обука беа примени **37 слушатели.**

- Во однос на јавниот оглас за прием на 60 слушатели во VII генерација слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители:

1. На јавниот оглас се пријавија вкупно **673 кандидати**, од кои **643 пријави беа уредни** а **30 пријави беа неуредни** и отфрлени од страна на Комисијата за приемен испит.
2. Седмата генерација беше прва која го полагаше тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици во ЕУ. Од вкупно 643 кандидати кои ја поминаа фазата на административна селекција, тестот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) го полагаа **554 кандидати**, а **89 кандидати не се појавија на тестирањето**. Од кандидатите кои го полагаа тестот **509 кандидати успешно го положија тестот**, а **45 кандидати** не го положија.
3. Од вкупно 509 кандидати кои имаа право да го полагаат квалификацискиот тест, истиот го полагаа 497 кандидати, а **12 кандидати не се појавија на тестирањето.** Од кандидатите кои полагаа, **405 кандидати успешно го положија** тестот и се стекнаа со право на полагање на психолошкиот тест.
4. Од вкупно 405 кандидати кои имаа право да го полагаат психолошкиот тест, истиот го полагаа **377 кандидати**, а **28 кандидати** не се појавија на тестирањето. Од кандидатите кои полагаа **348 кандидати** успешно го положија квалификацискиот тест, а 29 не го положија.
5. Од 348 кандидати кои имаа право да го полагаат тестот за интегритет, истиот го полагаа **345 кандидати, а 3 кандидати не се појавија на полагањето. 332 кандидати** го положија тестот, а 13 не го положија.
6. Од вкупно 345 кандидати кои право на полагање на писмениот дел од испитот, истиот го полагаа **329 кандидати**, а 16 кандидати не се појавија на полагањето. Усниот дел го полагаа 297 кандидати, што значи дека 32


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

кандидати кои го полагаа писмениот дел не се појавија на усниот дел од испитот.

7. Испитот (кои се состои од писмен и устен) го положија **314 кандидати.**
8. Бидејќи огласот беше распишан за прием на 60 слушатели, во почетна обука беа примени 60 слушатели.

- Во однос на јавниот оглас за прием на 97 слушатели во VIII генерација на почетна обука:

1. На Јавниот оглас се пријавија вкупно **497 кандидати**, од кои **484 пријави беа уредни** а 13 пријави беа отфрлени како неуредни.
2. Од вкупно 484 кандидати што имаа право да го полагаат тестот, истиот успешно го положија **368 кандидати**, **72 кандидати** не го положија тестот, а **44 кандидати воопшто** не се појавија на тестирањето.
3. Од вкупно **368 кандидати** кои имаа право да го полагаат квалификацискиот тест, истиот успешно го положија **330 кандидати** и се стекнаа со право да го полагаат психолошкиот тест, **26 кандидати** не го положија тестот, додека 12 **(дванаесет) кандидати** не се појавија на тестирањето.
4. Од вкупно **330 (кандидати** кои имаа право да го полагаат психолошкиот тест, тестот го полагаа **303 кандидати**, а **27 (дваесет и седум) кандидати не се појавија на тестирањето.** Од кандидатите кои го полагаа психолошкиот тест, **290 кандидати** добија оцена „задоволува", односно го положија тестот, додека **13 кандидати** добија оцена „не задоволува" и не го положија психолошкиот тест.
5. Од **290 кандидати** кои со положување на психолошкиот тест се стекнаа со право да го полагаат тестот за интегритет, **279 кандидати** го полагаа тестот, а **11 кандидати** не се појавија на тестирањето. Од кандидатите кои полагаа, **263** го положија тестот за интегритет, додека **16 (шеснаесет) кандидати** добија оценка „не задоволува" и не се стекнаа со право да го полагаат испитот.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси

Departamenti i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore
Sektori i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore

6. Од 263 **кандидати** кои успешно ги положија сите фази од испитот и имаа право да го полагаат писмениот дел од испитот, **251 кандидат** го полагаа писмениот дел од испитот а **12 кандидати воопшто не се појавија на полагањето**, додека пак усниот дел го полагаа **229 (двеста дваесет и девет)** кандидати, **19 (деветнаесет)** кандидати не се појавија на усното полагање, а **3 (три)** кандидати се откажаа во текот на самото усно полагање испит.
7. Испитот (кои се состои од писмен и устен дел) го положија **242 кандидати.**
8. Исто како и за претходната генерација, во почетна обука беа примени 97 **слушатели** за колку што и беше распишан огласот.

Ви стоиме на располагање доколку Ви се потребни дополнителни податоци.

Со почит,

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Државен советник
**Сања Пандилов**

Подготвил: м-р Давид ПАНОВ
Предал: м-р Ана МИЛЧЕВСКА
Прегледал: м-р Бојана КУЗМАНОВСКА КРСТЕВСКА


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Скопје-Shkup

| Примено / Pranuar | 11. 04. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtesa | Вредност / Vlera |
| 03 | 214/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: Академија за судии и јавни обвинители**
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
адреса: [redacted]
Лице за контакт: [redacted]
Телефон: [redacted]
Маил адреса: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Број на реализирани обуки и теми на кои биле реализирани обуките за период од 1 јануари до 31 март 2023 година.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во 10, 04. 2023 година .** **Потпис**

____________

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

Одделение за статистика, евалуации и анализи
Сектор за информатички технологии

Departamenti për statistikë, vlerësime dhe analiza
Sektori për teknologji informatike

11.4.2023

**Архивски број:** 03-214/2
**До**[redacted]
**Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувана [redacted],

По однос на доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Ви ги доставуваме податоците кои Ви се потребни:

1. Во периодот јануари – март 2023 година Академијата организирала 32 обуки. Во прилог Ви доставуваме табела со темите на обуките.

Податоците ги доставуваме на Ваше понатамошно постапување.

Со почит,

**м-р Сања Пандилов,**
**службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**

Скопје, 11.4.2023 година

Подготвил: Наташа Баштованска
Предал: м-р Соња Мојсовска
Прегледал: м-р Анела Јанковска


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademia për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр. Nr. 03-2413
11.05.2023
Скопје-Shkup

| Тема | Вид на настан | Датум на одржување ОД | Датум на одржување ДО |
|---|---|---|---|
| Родова рамноправност 2.1.2023 | Online обука | 02.01.2023 | 02.01.2023 |
| Конвенцијата на пресуди НССН 2019 од 2 јули 2019 година за признавање и извршување на странски пресуди во граѓански или трговски предмети 23.1.2023 | Тркалезна маса | 23.01.2023 | 23.01.2023 |
| Предлог Закон за работните односи 1.2.2023 | Јавна расправа | 01.02.2023 | 01.02.2023 |
| Упатство за истрага и гонење на кривични дела поврзани со огнено оружје 6-7.2.2023 | Советување | 06.02.2023 | 07.02.2023 |
| Основи на правото на ЕУ 10.2.2023 | Советување | 10.02.2023 | 10.02.2023 |
| Јавни набавки 13.2.2023 | Советување | 13.02.2023 | 13.02.2023 |
| Упатство за истрага и гонење на кривични дела поврзани со огнено оружје 13-14.2.2023 | Советување | 13.02.2023 | 14.02.2023 |
| Новините во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета 14.2.2023 | Советување | 14.02.2023 | 14.02.2023 |
| Прекршоци од областа на царини и даноци кои согласно измените на Законот за даноци и царини се во надлежност на редовните судови, со посебен осврт на разработката на овие прекршоци коишто до сега беа во надлежност на управното судство 15.2.2023 | Советување | 15.02.2023 | 15.02.2023 |
| Специјализирана обука за судии поротници 16-17.2.2023 | Советување | 16.02.2023 | 17.02.2023 |
| Упатство за истрага и гонење на кривични дела поврзани со огнено оружје 20-21.2.2023 | Советување | 20.02.2023 | 21.02.2023 |
| Меѓуинституционална соработка и меѓусебна електронска поврзаност, потреби и предизвици 21.2.2023 | Советување | 21.02.2023 | 21.02.2023 |
| Компјутерски криминал и електронски докази - како да се спроведе обука (обука на обучувачи) 21-23.2.2023 | Обука на обучувачи | 21.02.2023 | 23.02.2023 |
| Компјутерски криминал и криминал сторен преку социјалните мрежи 22.2.2023 | Советување | 22.02.2023 | 22.02.2023 |
| Дизајнирање ефективни обуки и презентациски вештини (обука на обучувачи) 23.2.2023 | Обука на обучувачи | 23.02.2023 | 23.02.2023 |
| Меѓународна правна помош 27.2.2023 | Советување | 27.02.2023 | 27.02.2023 |
| Граѓанско правна заштита на правата од индустриска сопственост, авторското право и другите сродни права 1.3.2023 | Советување | 01.03.2023 | 01.03.2023 |
| Психолошки аспекти на испитувањето на сведоци, оштетени и жртви 2.3.2023 | Советување | 02.03.2023 | 02.03.2023 |
| Борба против корупцијата и организираниот криминал во Западен Балкан преку зајакнување на регионалната соработка за поврат на имот - Судски предизвици и решенија: Меѓународна и регионална перспектива 2.3.2023 | Советување | 02.03.2023 | 02.03.2023 |
| Посебни истражни мерки од аспект на ЗКП и Законот за класифицирани информации, начин на изведување на докази обезбедени со ПИМ 7.3.2023 | Советување | 07.03.2023 | 07.03.2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вработување по јавен и интерен оглас 9.3.2023 | Советување | 09.03.2023 | 09.03.2023 |
| Поголема ефикасност и ефективност во кривичната постапка 10.3.2023 | Советување | 10.03.2023 | 10.03.2023 |
| Надомест на штета од неоправдана осуда и незаконито лишување од слобода согласно одредбите од ЗКП (за граѓански судии) 15.3.2023 | Советување | 15.03.2023 | 15.03.2023 |
| Примена на Законот за бесплатна правна помош наспроти примената на актуелниот Закон за судските такси во однос на трошоците на постапката од секундарна правна помош 15.3.2023 | Советување | 15.03.2023 | 15.03.2023 |
| Изземање на судиите според ЗПП и ЗКП и правните становишта на ЕСЧП во примената на членот 6 од ЕКЧП - актуелни прашања и дилеми 16.3.2023 | Специјализирана обука за претседатели на судови | 16.03.2023 | 16.03.2023 |
| Административно постапување по предмети, водење на записник и тонско снимање 20.3.2023 | Советување | 20.03.2023 | 20.03.2023 |
| Трошоци на постапката пред управните судови според Законот за управните спорови 21.3.2023 | Советување | 21.03.2023 | 21.03.2023 |
| Електронски докази 21-22.3.2023 | Советување | 21.03.2023 | 22.03.2023 |
| Наследнички тужби 22.3.2023 | Советување | 22.03.2023 | 22.03.2023 |
| Работна средба на апелационите судови и Врховниот суд на РСМ за хармонизирање на судската практика 22-24.3.2023 | Работен состанок | 22.03.2023 | 24.03.2023 |
| Заштита и испитување на загрозен сведок во претходна постапка и на главна расправа, права на одбраната и испитување на посебно ранливи жртви и сведоци 24.3.2023 | Советување | 24.03.2023 | 24.03.2023 |
| Архивско работење (излачување на предмети по истек на рок на чување и предавање на предмети кои се чуваат трајно) 29.3.2023 | Советување | 29.03.2023 | 29.03.2023 |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademia për gjyqtarë dhe prokurorë publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Скопје-Shkup

| Примено / Pranuar | 7.02.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Njësi Org. | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 03 | 92/1 | | |

( Образец ПП……)

**До:** Академија за судии и јавни обвинители
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Програма за иницијална обука во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ за 2020 и 2023 година

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- (г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил vance_ice@yahoo.com
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во 07.01., ______ 2023 година .

**Потпис** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси
Departamenti i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore
Sektori i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore

07.02.2023

**Архивски број:** 03-92/2

**До:** [redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер од 07.02.2023 година, наш број 03-92/1 од 07.02.2023 година, Во прилог Ви ја испраќаме Програмата за приемен испит од 2020 година и Измената на програмата од 2021 година.

Во однос на Програмата за приемен испит за 2023 година, Ве известувам дека истата е во фаза на подготовка и не е усвоена од страна на Управниот одбор. Истата, согласно член 66 од Законот за Академија ќе биде објавена навремено, во рок од три месеци пред полагањето на приемниот испит. Веднаш по усвојувањето на Програмата, истата ќе биде објавена на нашата веб страница.

Со почит,

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Државен советник
**Сања Пандилов**

Подготвил: м-р Давид ПАНОВ
Предал: м-р Ана МИЛЧЕВСКА
Прегледал: м-р Бојана КУЗМАНОВСКА КРСТЕВСКА


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk